ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 48/20-6
16.03.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за производство, трговија и услуги
БОКИ-КОМПЈУТЕРИ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 349/2020
23.04 20 20 год.
Струмица

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА
## - на информатичка опрема (компјутери конфигурација А и компјутери конфигурација Б)

Склучен на ден 16.03.2020 година во Крива Паланка, помеѓу:

ДОГОВОРНИОТ ОРГАН: Основен суд Крива Паланка, ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр. 142, со ЕМБС 4027434, претставуван од Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска (во натамошен текст-Договорен орган), и

ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР - ПОНУДУВАЧОТ: Друштво за производство, услуги и трговија БОКИ - КОМПЈУТЕРИ ДООЕЛ увоз - извоз Струмица, со седиште на ул. Први Мај бр. 4а и ЕМБС 5896690, претставуван од овластено лице Бошко Јанчев од Струмица, (во натамошниот текст - Носител на набавката).

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка на информатичка опрема - 12 (дванаесет) компјутери конфигурација А и 3 - (три) компјутери конфигурација Б, согласно објавениот оглас бр. 02756/2020 на ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда, СУ.бр. 48/20-5 од 06.03.2020 година.

## II. ИСПОРАКА И ПРИЕМ НА СТОКИТЕ

### Член 2

Носителот на набавката е должен предметот на договорот - компјутерите да го испорача до седиштето на договорниот орган - судот, лоцирано во Крива Паланка на улица Свети Јоаким Осоговски бр. 142, во рок од 5-пет дена, сметано од денот на добивање писмена нарачка, при што договорниот орган се обврзува приемот да го потврди на соодветен документ (испратница и сл.), со потпис од овластено лице за прием на стоките во судот

Член 3

Испорачаните стоки - компјутери конфигурација А и Б, треба да ги поседуваат техничките карактеристики наведени во понудата на носителот на набавката, кои технички карактеристики во целост одговараат на пропишаните технички спецификации на договорниот орган наведени на страна 14, 15, 16, 17 и 18 од тендерската документација и тоа:

Компјутери– Конфигурација А

| Р. бр. | | Спецификации |
|---|---|---|
| 1.1 | Процесор | - Минимум број на јадра 2<br>- Минимум број на нишки 4<br>- Минимум работна фреквенција на процесор 3.5GHz<br>- Минимум L1 кеш меморија 192KB<br>- Минимум L2 кеш меморија 1MB<br>- Минимум L3 кеш меморија 4MB<br>- Минимум интегрирана графичка карта<br>- Минимум подржана резолуција на интегрирана графичка карта 1920x1080<br>- Минимум литографија 14nm или подобро<br>- Минимум 2 мемориски канали или подобро<br>- Минимум фреквенција на интегрирана графичка 1100Mhz<br>- Минимум број на јадра на интегрирана графичка карта - 3<br>- Ладилник за процесор |
| 1.2 | Меморија | - Минимум **2 (два)** мемориски модули<br>- Минимум големина по модул 4GB<br>- Минимум вкупно RAM меморија 8GB<br>- Минимум DDR4 2666 MHz |
| 1.3 | Диск | - Минимум **1 (еден)** полупроводнички диск (SSD)<br>- Минимум декларирани работни часови 2.000.000<br>- Минимум фабричка гаранција 3 години<br>- Минимум капацитет 240GB<br>- Минимум сертификација CE/FCC/RoHS |
| 1.4 | Аудио | - Минимум HD Audio,<br>- Минимум **вграден звучник во куќиштето или во мониторот** |
| 1.5 | Оптички уред | - Минимум DVD+/-RW Drive |

| | | |
|---|---|---|
| 1.6 | Плоча | - Минимум 4(четири) USB приклучоци<br>- Минимум 1(една) HDMI порта<br>- Минимум 1(една) DVI-D порта<br>- Минимум 1 (една) интегрирана мрежна карта 10/100/1000<br>- Минимум **можност за RAID 0, 1**<br>- Минимум 2(два) SATA 3 приклучоци<br>- Минимум 1(еден) M.2 конектор |
| 1.7 | Тастатура | - Минимум QWERTY – US English Layout<br>- Минимум приклучок USB<br>- Минимум должина на кабел 140cm |
| 1.8 | Глувче | - Минимум приклучок USB<br>- Минимум должина на кабел 125cm |
| 1.9 | Подлога за глувче | - Минимум дебелина 2mm |
| 1.10 | Напојување | - Минимум компатибилно со останатите компоненти во наведената конфигурација со тивок режим на работа |
| 1.11 | Куќиште | - Минимум 2xUSB приклучоци<br>- Минимум SPCC 0.5mm<br>- Минимум 2 (два) x 120mm вентилатори |
| 1.12 | Монитор | - Минимум големина 23"<br>- Минимум агол на гледање 178/178<br>- Минимум резолуција 1920x1080 или подобро<br>- Минимум влезен сигнал 1: HDMI<br>- Минимум вклучен HDMI кабел за приклучок со компјутерот |
| 1.13 | Лиценциран Оперативен систем | - Windows 10 Professional (64-bit)<br>- Трајна лиценца, што овозможува нејзино користење за целиот животен век на компјутерот<br>- 1pk DSP DVD за професионална (деловна) употреба со поддршка за Active Directory и WSUS или еквивалентен<br>- Genuine Microsoft Windows 10 Pro x64 Retail/OEM лиценца<br>- Genuine License Sticker – оригинална налепница за лиценца |
| 1.14 | Гаранција | - Минимум 24 месеци |

Компјутери – Конфигурација Б

| Р. бр. | | Спецификации |
|---|---|---|
| 2.1 | Процесор | - Минимум број на јадра 2<br>- Минимум број на нишки 4<br>- Минимум работна фреквенција на процесор 3.5GHz<br>- Минимум L1 кеш меморија 192KB<br>- Минимум L2 кеш меморија 1MB<br>- Минимум L3 кеш меморија 4MB<br>- Минимум интегрирана графичка карта<br>- Минимум подржана резолуција на интегрирана графичка карта 1920x1080<br>- Минимум литографија 14nm или подобро<br>- Минимум 2 мемориски канали или подобро<br>- Минимум фреквенција на интегрирана графичка 1100Mhz<br>- Минимум број на јадра на интегрирана графичка карта - 3<br>- Ладилник за процесор |
| 2.2 | Меморија | - Минимум **2 (два)** мемориски модули<br>- Минимум големина по модул 4GB<br>- Минимум вкупно RAM меморија 8GB<br>- Минимум DDR4 2666 MHz |
| 2.3 | Диск | - Минимум **2 (два)** полупроводнички дискови (SSD), **конфигурирани во RAID 1 режим на работа, со овозможен TRIM**<br>- Минимум декларирани работни часови 2.000.000<br>- Минимум фабричка гаранција 3 години<br>- Минимум капацитет 240GB<br>- Минимум сертификација CE/FCC/RoHS |
| 2.4 | Аудио | - Минимум HD Audio,<br>- **Минимум вграден звучник во куќиштето или во мониторот** |
| 2.5 | Оптички уред | - Минимум DVD+/-RW Drive |

| | | |
|---|---|---|
| 2.6 | Плоча | - Минимум 4(четири) USB приклучоци<br>- Минимум 1(една) HDMI порта<br>- Минимум 1(една) DVI-D порта<br>- Минимум 1 (една) интегрирана мрежна карта 10/100/1000<br>- Минимум **можност за RAID 0, 1**<br>- Минимум 2(два) SATA 3 приклучоци<br>- Минимум 1(еден) M.2 конектор |
| 2.7 | Тастатура | - Минимум QWERTY – US English Layout<br>- Минимум приклучок USB<br>- Минимум должина на кабел 140cm |
| 2.8 | Глувче | - Минимум приклучок USB<br>- Минимум должина на кабел 125cm |
| 2.9 | Подлога за глувче | - Минимум дебелина 2mm |
| 2.10 | Напојување | - Минимум компатибилно со останатите компоненти во наведената конфигурација со тивок режим на работа |
| 2.11 | Куќиште | - Минимум 2xUSB приклучоци<br>- Минимум SPCC 0.5mm<br>- Минимум 2 (два) x 120mm вентилатори |
| 2.12 | Монитор | - Минимум големина 23”<br>- Минимум агол на гледање 178/178<br>- Минимум резолуција 1920x1080 или подобро<br>- Минимум влезен сигнал 1: HDMI<br>- Минимум вклучен HDMI кабел за приклучок со компјутерот |
| 2.13 | Лиценциран Оперативен систем | - Windows 10 Professional (64-bit)<br>- Трајна лиценца, што овозможува нејзино користење за целиот животен век на компјутерот<br>- 1pk DSP DVD за професионална (деловна) употреба со поддршка за Active Directory и WSUS или еквивалентен<br>- Genuine Microsoft Windows 10 Pro x64 Retail/OEM лиценца<br>- Genuine License Sticker – оригинална налепница за лиценца |

| | | |
|---|---|---|
| 2.14 | Лиценциран софтверски пакет за канцелариско работење | - Лиценца – **Microsoft Office Home and Business 2019**<br>- Алатка за креирање, едитирање и работа со документи, со напредни функционалности<br>- Алатки за креирање, едитирање и работа со презентации и нивна визуелизација<br>- Вклучена алатка за e-mail и интеграција со истата<br>- Алатка за контакти<br>- Алатка за бележење на белешки<br>- Компатибилна алатка за работа со постоечки документи креирано во Word, Excel, PowerPoint<br>- Можност за креирање, едитирање и работа со документи, табеларни податоци, презентации и визуелизација, белешки преку интернет пребарувач<br>- Интегриран календар на настани/активности<br>- Можност за инсталација на кориснички интерфејс (рибон, мени, команди) на македонски јазик<br>- Трајна лиценца, што овозможува нејзино користење за целиот животен век на компјутерот |
| 2.15 | Гаранција | - Минимум 24 месеци |

Член 4

Испорачаните стоки - компјутери предмет на овој договор ќе бидат предмет на проверка од страна на овластено лице во судот и доколку истите не се идентични со стоките предмет на понудата на носителот на набавката (доколку постои отстапување помеѓу она што е предмет на понуда и она што е предмет на испорака), договорниот орган може да направи рекламација најдоцна во рок од 30-триесет дена сметано од денот на приемот на стоките, за што е должен да изготви записник за утврдените недостатоци, потпишан од овластеното лице за прием на стоките кај договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 8-осум дена да го извести договорниот орган за основаноста на рекламацијата и за мерките што ќе бидат преземени.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Стоките - компјутери со конфигурација А, со технички карактеристики предмет на понудата на носителот на набавката, кои стоки се предмет на

набавка со овој договор, договорниот орган ги купува за вкупна цена во износ од 304.000,оо (триста и четири илјади) денари без вкучен ДДВ од 5 %, односно за вкупна цена во износ од 319.200,оо (триста и деветнаесет илјади и двесте) денари со вклучен ДДВ од 5 %, додека стоките компјутери со конфигурација Б, со технички карактеристики предмет на понудата на носителот на набавката, кои стоки се предмет на набавка со овој договор, договорниот орган ги купува за вкупна цена во износ од 118.000,оо (сто и осумнаесет илјади) денари без вкучен ДДВ од 5 %, односно за вкупна цена во износ од 123.900,оо (сто дваесет и три илјади и деветстотини) денари со вклучен ДДВ од 5 %, или вкупна цена со вклучен ДДВ од 5% за сите компјутери предмет на оваа набавка во износ од 443.100,оо (четиристотини четириесет и три илјади и сто) денари.

Носителот на набавката е должен стоките предмет на овој договор да ги испорача согласно постигнатата најниска цена на електронската аукција, а која цена е најповолна, и истата ќе биде фиксна (непроменлива) за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 6

Како ден на испорака на стоките се смета денот кој е впишан во документот за прием на стоките.

За испорачаните стоки, договорниот орган е должен да му ја плати на носителот на набавката фактурираната цена, доколку е во согласност со цените утврдени во членот 5 од овој договор.

Начинот на плаќање е вирмански, по испорака на стоките и достава на фактурата со испратница, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата со испратница во архивата на договорниот орган, при што, носителот на набавката е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на огласот, и посебно да ја искаже вредноста на мониторите, а посебно вредноста на куќиштата - конфигурациите, како би можеле истите вредносно да бидат внесени во евиденцијата на основните средства на судот, а воедно во фактурата да го наведе името, вредноста и количината на лиценцираниот софтвер кој го испорачува согласно техничките спецификации на договорниот орган.

## IV. ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 7

Доколку носителот на набавката испорачува стоки со други карактеристики кои не се предмет на неговата понуда и се спротивни на бараните технички спецификации од договорниот орган и по писмена опомена од договорниот орган во рок од 8 (осум) дена не ги испорача бараните стоки, како и во случај кога носителот на набавката и покрај писмената опомена, доцни со испораката на стоките без оправдани причини, договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 8

Во случај договорниот орган да задоцни со плаќањето на фактурата од неоправдани причини, носителот на набавката има право на казнена камата определена со закон.

## V. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 9

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за превземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој договор стапува на сила од моментот на неговото потпишување од страна на овластените претставници на договорните страни и истиот ќе биде со времетраење до крајот на 2020 година (31.12.2020).

Член 11

Во случај да настане спор помеѓу договорните страни во врска со одредбите на овој договор, истите ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено, а доколку не се постигне спогодба, за решавање на настанатите спорови, ќе биде надлежен Основниот граѓански суд Скопје.

Член 12

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДПУТ БОКИ - КОМПЈУТЕРИ ДООЕЛ
увоз - извоз Струмица
Овластено лице,
Бошко Јанчев

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Основен суд Крива Паланка,
Претседател,
Љубица Цветковска Стојановска